РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 05-30/1-121/21
05-01-2022 год.
Валандово

Приватна агенција за вработување
АНТОРИС
Бр. 0307/4-3
05.01.2022 год.
СКОПЈЕ

**АНЕКС**

**НА ГЕНЕРАЛЕН ДОГОВОР БР.0307/186-1 ОД 12.03.2021 година**

Склучен на ден **05.01.2022 година** помеѓу:

1. **Општина Валандово**, со седиште на ул. Иво Лола Рибар бб Валандово со ЕМБС 6381871 и ЕДБ 4003008500464, застапувана од Перо Костадинов, Градоначалник на Општина Валандово (во понатамошниот текст – Работодавач-Корисник), и

2. **Приватна Агенција за вработување АНТОРИС Скопје**, со седиште ул. Мајка Тереза бр. 44 Скопје, со ЕМБС 6616755 и ЕДБ 4080010513900, застапувана од Директорот Александра Аврамовска од друга страна, во понатамошниот текст – Агенција

ЧЛЕН 1

Предмет на овој АНЕКС е **измена на Член 8 став 3 од Генералниот договор**, кој гласи:

Носителот на набавката, услугите наведени во Член 1, став 1 од овој договор, ќе ги изврши за вредност од 4.000.000,00 (четири милиони) денари. Во овој износ се вклучени бруто платите на времено ангажираните работници и провизијата на Агенцијта (Носителот на набавката) во висина од 8,73%, На утврдениот износ од провизијата на Агенцијата се пресметува ДДВ од 18%.

Се менува и сега гласи:

Поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка, по Оглас бр. 01096/2021 со предмет на набавка: Услуги од Агенција за привремени вработувања, се врши измена во член 8 од Договорот за јавна набавка со број на договорниот орган 03-121/10 од 12.03.2021 година и број на носителот на набавката 0307/186-1 од 12.03.2021 година, со предмет на набавката: Услуги од Агенција за привремени вработувања, со тоа што вредноста на услугите што се предмет на овој договор се зголемува за 70.000 без ДДВ.

Вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка, не надминува 20% од вредноста на првичниот договор и не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на спроведената постапка.

ЧЛЕН 2

Останатите членови од генералниот Договор бр. 0307/186-1 од 12.03.2021 година, останууваат непроменети.

ЧЛЕН 3

Овој Анекс е составен дел на основниот договор и е потпишан од овластените претставници на договорените страни.

ЧЛЕН 4

Овој анекс се склучува во 4 еднакви примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

ЗА РАБОТОДАВАЧ-КОРИСНИК

Перо Костадинов

Градоначалник

ЗА ПАВ АНТОРИС СКОПЈЕ

Александра Аврамовска

Директор